# УПОТРЕБА НА Е-ЦИГАРИ ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ

*Скопје, мај 2023*

Предмет на кратката информација е употребата на е-цигарите во избрани држави и разгледани се неколку аспекти во однос на употребата: дозволеност за продажба, употреба на јавни места, содржината на е-цигарите и нивното етикетирање. На самиот почеток од кратката информација, сликовито е прикажана состојбата во нашата држава, по што следи табела која ги содржи податоците за другите држави кои се дел од кратката информација.

Кратката информација е изработена по **сопствена иницијатива** согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

***Слика 1: Употреба е-цигари во Република Северна Македонија***




Согласно Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, **„електронска цигара“** е производ кој може да се користи за консумирање на пареа која содржи никотин преку усник (чибук) или каков било друг составен дел на тој производ, вклучувајќи влошка, резервоар и апарат без влошка и резервоар. Електронските цигари можат да бидат потрошни (за една употреба) или цигари кои повторно се полнат преку резервоарот за повторно полнење или кои можат повторно да се полнат со помош на влошки за еднократна употреба.

Електронските цигари се разликуваат од производите од тутун со тоа што не содржат тутун.[1]

Имајќи предвид дека согласно **Законот за заштита од пушењето[2]** се забранува пушење во јавните простории и пушењето е дозволено исклучиво надвор од деловниот објект (тераса, летна бавча и слично), а под поимот „**пушење**" се подразбира поседување или користење на **тутунски производ кој согорува, без оглед дали чадот активно се вдишува или издишува[3],** електронските цигари, контејнерите за многукратно полнење, течностите што содржат никотин и производите слични на производите од тутун, а кои се изработени од растителни (билни) материјали припаѓаат во групата несогорливи тутунски производи, пушењето на е-цигари е дозволено во јавните простории.[4]

На 129 седница (21.12.2021), *Владата го усвои мислењето на Министерството за здравство за примена на Законот за заштита од пушењето* („Службен весник на Република Македонија" бр.36/1995, 49 70/03, 29/04, 37/05, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13 и 51/18) во делот на несогорливиот тутун и уредите за нивно загревање, според кое врз основа на одредбите од членот 3 став (1) точките 3, 4 и 19, како и членот 53 и членот 81 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), користењето на несогорливите производи од тутун и уредите за нивно загревање не претставува пушење и следствено, не потпаѓа под забраната за пушење од член 3 став (1) од Законот за заштита од пушењето, односно истите може да се користат и во затворениот дел од јавните простории.[5]

---

[1] ЗАКОН ЗА ТУТУН, ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 27/20 и 56/21), член 3, пристапено на 5.5.2023

[2] ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95, 70/03, 29/04, 37/05, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13 и 51/18), член 3, пристапено на 5.5.2023

[3] ЗАКОН ЗА ТУТУН, ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 27/20 и 56/21), член 3, пристапено на 5.5.2023

[4] Ибид

[5] Официјална интернетска страница на Влада на Република Северна Македонија, 21.12.2021, седница 129, https://vlada.mk/file/63385/download?token=lgzZ0mrG , точка 103, пристапено на 9.5.2023

| | **ПРОДАЖБА НА Е-ЦИГАРИ** | **УПОТРЕБА НА Е-ЦИГАРИ НА ЈАВНИ МЕСТА** | **СОДРЖИНА НА Е-ЦИГАРИ** | **ЕТИКЕТИЊАРЕ** |
|---|---|---|---|---|
| *ФИНСКА*[6] | Дозволена е продажба на електронски цигари | ✓ Забранета е употреба на електронски цигари на места каде што е забрането пушењето, што вклучува затворени простории кои главно ги користат лица помлади од 18 години и повеќето средства за јавен превоз.<br><br>✓ Употребата на е-цигари е дозволена на одредени места на повеќето затворени работни места и јавни места. | ✓ Забрането користење на е-течности со карактеристични вкусови.<br>✓ Единствен дозволен вкус е вкусот на тутунот.<br>✓ Законот бара концентрацијата на никотин во е-течноста да биде помала од 20 милиграми на милилитар.[7] | Задолжителни текстуални предупредувања за опасноста по здравјето на фински и шведски јазик.<br><br>Предупредувањата мора да покријат 32 проценти од предната и задната страна на пакувањето. |
| *НОРВЕШКА*[8] | До 1 јули 2023 година се забранува секаков увоз и продажба на електронски цигари и пакувања за полнење со никотин.<br><br>По тој датум, продажбата на мало | ✓ Употребата на електронски цигари во јавност е предмет на истите ограничувања како и пушењето.<br>✓ Ограничена употребата на сродни производи, кои вклучуваат и е-цигари, во одредени простории исклучиво за употреба на | / | Забрането рекламирање и промоција на тутунот, истата забрана важи и на замените за тутун како што се е-цигарите. |

[6] Податоците се преземени од интернетската страница Tobacco Control Laws https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/finland/summary , пристапено на 3.5.2023

[7] Tobacco Act (No. 549/2016) , Sec. 52, https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/finland/e-cigarettes, пристапено на 2.5.2023

[8] Податоците се преземени од интернетската страница Tobacco Control Laws, https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/norway , пристапено на 2.5.2023

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на уреди за е-цигари или електронски течности ќе биде дозволена само кога производот е одобрен од Дирекцијата за здравство преку процес на аплицирање. | тутун или сродни производи. Таквите простории не смеат да надминуваат повеќе од 20% од вкупната површина и мора да исполнуваат други технички барања.<br>✓ Мал број места каде што не се дозволени одредени простории, вклучувајќи ги внатрешните и надворешните простори на образовните установи и повеќето здравствени установи. | | |
| *РОМАНИЈА*[9] | Дозволена е продажба на електронски цигари. | ✓ Забранета е употреба на електронски цигари во јавниот превоз. | ✓ Нема законски одредби за ограничувања во однос на вкусовите на е-цигарите;<br>✓ Дозволено користење на вкусови во електронските цигари. | Забрането е рекламирање на е-цигари. Задолжително текстуално предупредување за опасноста по здравјето.<br><br>Предупредувањата мора да покријат 30 проценти од предната и задната страна на пакувањето. |

[9] Податоците се преземени од интернетската страница Tobacco Control Laws , https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/romania/summary пристапено на 3.5.2023

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *СЛОВЕНИЈА*[10] | Дозволена е продажба на електронски цигари.<br>Забранета е продажба на електронски цигари на лица помлади од 18 години. | ✓ Употребата на електронски цигари е ограничена но и дозволена во одредени простории за пушење на повеќето затворени работни места, затворени јавни места и јавен превоз.<br><br>✓ Таквите простории не се дозволени во установите за згрижување деца и образование и во повеќето здравствени установи; како резултат на тоа, употребата на е-цигари е забранета на овие места. | ✓ Нема законски одредби ограничувања во однос на вкусовите на е-цигарите;<br>✓ Дозволено користење на вкусови во електронските цигари.<br><br>Забранета употреба на голем број адитиви во е-течностите:<br><br>- витамини или други адитиви кои создаваат впечаток дека тутунскиот производ има здравствена корист или претставува намалени здравствени ризици;<br><br>- кофеин или таурин или други адитиви и стимулативни соединенија поврзани со енергија и виталност;<br><br>- адитиви со својства на боја за емисии;<br><br>- адитиви кои имаат CMR својства во неизгорена форма.[11] | Забранeто рекламирање и промоција на е-цигари.<br><br>Задолжителни текстуални предупредувања за опасноста по здравјето.<br><br>Предупредувањата мора да покријат 30 проценти од предната и задната страна на пакувањето. |

[10] Податоците се преземени од интернетската страница Tobacco Control Laws, https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/slovenia/summary, пристапено на 3.5.2023

[11] Податоците се преземени од интернетската страница Tobacco Control Laws, Restriction of the Use of Tobacco Products Act Arts. 12(1), 26(3)-(5), https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/slovenia/e-cigarettes , 3.5.2023

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *УКРАИНА*[12] | Дозволена е продажба на електронски цигари.<br><br>Забранета продажба на е-цигари од автомати, на одредени локации и на лица помлади од 18 години. | ✓ Употребата на електронски цигари е забранета на одредени јавни места каде што е забрането пушењето.<br>✓ | ✓ Нема законски одредби ограничувања во однос на вкусовите на е-цигарите;<br>✓ Од 11 јули 2023 година, е-цигарите, контејнерите за полнење и течностите што се користат во е-цигарите нема да смеат да имаат вкусови.<br><br>Во моментов, состојките и адитивите во електронските цигари не се регулирани.<br><br>Од 11 јули 2023 година, следните адитиви ќе бидат забранети во електронските цигари:<br>1) витамини или други адитиви кои даваат впечаток дека производот има здравствени придобивки или ги намалува здравствените ризици или претставува помал ризик по здравјето;<br>2) кофеин, таурин или други адитиви и стимуланси поврзани со енергија и виталност;<br>3) адитиви кои имаат способност да прават емисии обоени. | Задолжително предупредување во однос на опасност по здравјето. Предупредувањата мора да покријат 30 проценти од предната и задната страна на пакувањето.<br><br>Од 11 јули 2023 година, ќе има сеопфатна забрана за рекламирање, промоција и спонзорство на е-цигари. |

[12] Податоците се преземени од интернетската страница Tobacco Control Laws, https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/ukraine/summary , пристапено на 3.5.2023

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ТУРЦИЈА[13] | Забранет е увозот на електронски цигари. Домашното производство на е-цигари мора да има одобрение од Министерството за земјоделство и шумарство. Комбинацијата на забрана за увоз и забрана за производство ефективно ја забранува продажбата на електронски цигари. Постојните ограничувања за пушење се однесуваат на е-цигарите. | ✓ Забранета употреба на било кој тутунски производ, кој, по дефиниција, вклучува е-цигари, во целиот јавен превоз и повеќето затворени работни места и затворени јавни места.<br>✓ Потрошувачката на тутунски производи е дозволена во одредени области во установи за нега на стари лица, психијатриски болници и затвори.<br>✓ Забранета употреба на тутунски производи во хотелски соби. | / | Забрането рекламирање и промоција на е-цигари. |
| ИСЛАНД[14] | Дозволена е продажба на електронски цигари. | ✓ Законот забранува употреба на е-цигари во јавниот превоз и на одредени јавни места. | ✓ Министерот носи регулативи за ограничување на продажбата на ароми во е-цигарите, особено во однос на аромите што може да им се допаднат на децата. | Забрането рекламирање и промоција на е-цигари, но прикажувањето на производите е дозволено во специјални малопродажни места кои продаваат само е- |

[13] Податоците се преземени од интернетската страница Tobacco Control Laws, https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/turkey/summary , пристапено на 3.5.2023

[14] Податоците се преземени од интернетската страница https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/iceland/summary , пристапено на 4.5.2023

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ✓ Законот ги забранува следните адитиви во електронските цигари:<br><br>- Витамини и други адитиви кои создаваат впечаток дека производот има здравствена корист;<br>- Кофеин, таурин и други адитиви и стимуланси поврзани со енергија и виталност;<br>- Адитиви кои ги обојуваат емисиите;<br>- Супстанции кои го олеснуваат вдишувањето или усвојувањето на никотин;<br>- Супстанции кои имаат канцерогени, мутагени или репротоксични својства („КМР својства“) во формата во која се консумираат.[15] | цигари и слични производи.<br><br>Предупредувањата мора да покријат 30 проценти од предната и задната страна на пакувањето.[16] |
| АРГЕНТИНА[17] | Продажбата и рекламирањето на е-цигари, вклучувајќи уреди и патрони, се забранети. | / | / | / |
| БРАЗИЛ[18] | Продажбата и рекламирањето на е- | / | / | / |

[15] Податоците се преземени од интернетската страница https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/iceland/e-cigarettes , пристапено на 4.5.2023

[16] Ибид

[17] Податоците се преземени од интернетската страница Tobacco Control Laws, https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/argentina/e-cigarettes , пристапено на 5.5.2023

[18] Податоците се преземени од интернетската страница Tobacco Control Laws, https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/brazil/summary , пристапено на 5.5.2023

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | цигари, вклучително и додатоци за е-цигари и полнење, се забранети. Употребата на електронски цигари е забранета таму каде што е забрането пушењето. | | | |
| КАНАДА[19] | Дозволена е продажба на загреани тутунски производи (ЗТП). Според федералниот закон, ограничувањата за пушење важат за ЗТП. | ✓ Ограничено е пушењето на јавни места и истото зависат спаѓа под јурисдикција на провинциите, териториите и општините.<br>✓ Според федералниот закон, употребата на електронски цигари е забранета на места каде што е забрането пушењето.<br><br>Постојат мал број исклучоци:<br><br>✓ Работодавачот може да определи просторија за пушење каде што е | ✓ Нема забрана во однос на вкусовите кои се користат иако федералната влада има право да го стори тоа.<br>✓ Состојки кои не смеат да се користат: вклучуваат амино киселини, кофеин, средства за боење, есенцијални масни киселини, глукуронолактон, пробиотици, таурин, витамини и минерални хранливи материи.<br>*(Забелешка: оваа забрана не се однесува на е-течноста на рецепт или на е-течноста што се произведува или продава за извоз.) | Забрането рекламирање и промоција на е-цигари.<br><br>Не се потребни здравствени предупредувања на пакувањето на уредите. На сите тутунски производи се бара обична амбалажа, која, по дефиниција, вклучува влошки и уреди за тутун. |

[19] Податоците се преземени од интернетската страница Tobacco Control Laws, https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/canada/summary и https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/canada/e-cigarettes , пристапено на 5.5.2023

| | | | |
|---|---|---|---|
| | дозволено користење е-цигара. На пример во било која работна просторија, моторно возило, локомотива или друга просторија или дел од просторија физички одделена, просторија што не дели систем за вентилација со друг работен простор; простор до кој пристап само едно лице за време на смена и сл.<br><br>*Федерално регулираните работни места вклучуваат голем број јавни места, вклучувајќи аеродроми, пристаништа, железнички станици, меѓуградски автобуски станици, авиони, возови, меѓуградски автобуси, бродови, области за прием/услуга на федерално регулирани бизниси (на пр., банки, пошта), и федералните владини згради, меѓу другите. | | |

Изработила: Есељ Лукрис
Одобрила: Ивана Арсовска Трајановиќ
Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

______________________________________

Златко Атанасов


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384